**Здружение на граѓани**
**Младите можат Скопје**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува на 31 декември, 2024**
**и**
**Извештај на независниот ревизор**

**Содржина:**

| | страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1-2 |
| Извештај за приходи и расходи | 3 |
| Извештај за финансиска позиција | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 – 25 |

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До раководството на**
**Здружение на граѓани Младите можат Скопје**

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Здружение на граѓани Младите можат Скопје (во натамошниот текст: "Здружението",) кои се состојат од извештај за финансиската позиција на 31 декември, 2024 година и извештај за приходите и расходите за годината што тогаш завршува, и преглед на значајни сметководствени политики и останати објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за подготовка и објективна презентација на овие финансиски извештаи во согласност со македонската сметководствена регулатива што се применува, како и за интерни контроли за кои раководството смета дека се потребни за да овозможат подготвување на финансиски извештаи без материјални грешки, како резултат на измами или грешки.

*Одговорност на ревизорите*
Наша одговорност е да дадеме миислење за овие финансиски извештаи врз основ на нашата ревизија. Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со објавените македонски Меѓународни стандарди за ревизија и македонскиот Закон за ревизија.Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и спроведеме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумна сигурност за тоа дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанати како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Здружението со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не со цел за изразување мислење за ефективноста на интерната контрола на Здружението. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и наразумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сѐвкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*(Продолжува)*

Ревизија Чулева
Иван Аговски 1/2-1
1000, Скопје
Тел:+389 2 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До раководството на**
**Здружение на граѓани Младите можат Скопје**
**(Продолжение)**

*Мислење*
Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската позиција на Здружение на граѓани Младите можат Скопје на 31 декември, 2024 година, како и финансискиот резултат за годината што тогаш завршува, во согласност со македонската сметководствената регулатива што се применува, Законот за сметководство на непрофитните организации и Правилникот за непрофитни организации.

*Обрнување на внимание*
Здружението ги води и подготвува своите финансиски извештаи врз основ на модифицирано евидентирање на деловните промени и трансакции, во согласност со Законот за сметководство на не-профитните организации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03 со пратечките измени) и Правилникот за не-профитни организации ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/03 со пратечките измени.) Според одредбите на овој Закон, Здружението е обврзана да подготви и поднесе основни финансиски извештаи, што се состојат од Извештај за финансиска позиција, Извештај за приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи. Согласно наведеното, Здружението нема обврска да подготвува Извештај за готовинските текови.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**
**Соња Чулева**, *Управител*

**Соња Чулева**, *Овластен ревизор*

Sonja Chuleva
Digitally signed by Sonja Chuleva
Date: 2025.03.19 12:57:40 +01'00'

Скопје, 13 март 2025 година

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОЗИЦИЈА**
**На 31 декември, 2024**
**(Во Денари)**

| | Белешки | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства-нето | 11 | 113,292 | 137,206 |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 12 | 4,334,413 | 3,260,691 |
| Останати краткорочни средства | 13 | 243,365 | 375,873 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4,577,778** | **3,636,564** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **4,691,070** | **3,773,770** |
| **ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Фондови** | | | |
| Деловен фонд | 14 | 92,774 | 121,686 |
| Ревалоризациона резерва | 14 | 20,518 | 15,520 |
| **Вкупно фондови** | | **113,292** | **137,206** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 15 | 6,921 | 7,048 |
| Останати обврски | 16 | 4,427 | - |
| Обврска за пренос на добивка во наредна година | 15 | 4,566,430 | 3,629,516 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4,577,778** | **3,636,564** |
| **ВКУПНО ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | **4,691,070** | **3,773,770** |

*Придружните белешки на следните страни претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од раководството на Здружението на 17 февруари, 2025 година

Извршен директор,
**Анита Николовска**

Овластен сметководител
**Цветанка Шаурек**



CamScanner

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**За годината што завршува на 31 декември, 2024**
**(Во Денари)**

| | Белешка | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од донации (Проекти) | 4 | 6,181,531 | 8,671,670 |
| Сопствени приходи | 5 | 471,387 | 305,598 |
| Останати приходи | 5 | - | 184,477 |
| Финансиски приходи | 10 | 9 | - |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од расходи од предходна година | 5 | 3,629,516 | 2,185,636 |
| | | 10,282,443 | 11,347,381 |
| **Трошоци** | | | |
| Трошоци за вработените / ангажирани лица | 6 | (1,525,200) | (1,531,831) |
| Оперативни трошоци | 7 | (1,610,518) | (2,825,266) |
| Капитални расходи | 8 | - | - |
| Други расходи | 9 | (2,574,694) | (3,345,319) |
| Финансиски (расходи) | 10 | (5,601) | (15,449) |
| | | (5,716,013) | (7,717,865) |
| **Остварени приходи над расходи за пренос во наредна година** | | 4,566,430 | 3,629,516 |

*Придружните белешки на следните страни претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од раководството на Здружението на 17 февруари, 2025 година

Извршен директор,
Анита Николовска

Овластен сметководител
Цветанка Шапрек

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Здружението на граѓани Младите можат Скопје (“Здружението”) е основано како непрофитна организација на 28 мај 2009 година и е регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, односно во Регистерот на здруженија и фондации под ЕМБС број: 6487319.

***Седиште:*** Бул. Јане Сандански бр.74/1-33, Аеродром, Скопје

***Извршен директор:*** Анита Николовска, Република Северна Македонија.

***Управен одбор***
Дијана Мицевска – Претседател на Управен одбор
Камелија Јаневска – Член на Управен одбор
Ивана Атанасовска – Член на Управен одбор

***Извршна канцеларија***
Анита Николовска – Извршен директор
Филип Ивковски – Програмски координатор
Никица Манџуковски – Програмски координатор
Сања Матовска – Координатор за администрација и логистика
Милијана Богданоска – Проектен координатор, Договор на дело до 02.2024 година

На 31 декември, 2024: 4 вработени (31 декември, 2023: 3 вработени.)

***Приоритетна дејниост***: 94.99.Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

***Приоритетни цели на Здружението***
-развој на демократијата, граѓанското општеството и човековите права
-помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп, лица со попреченост во развојот и лица со посебни потреби
-заштита на деца и младинци
-заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување
-заштита од злоупотреба на дрога,сексуално преносливи болести, малолетничка деликвенција, алкохолизам, проституција и трговија со луѓе, уметност, култура и заштита на културното наследство
-аматерски спорт
-заштита на животната средина и одржлив развој
-наука, образование и обука во образовниот процес
-развој на етиката и моралот
-хуманитарна и социјална помош, намалување на сиромаштијата
-унапредување на добротворството и волонтерството и друга дејност од јавен интерес определен со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

**За Младите можат**
Младите можат е непрофитна и независна граѓанска организација која има за цел да ги поттикне младите да земат активно учество во развојот на демократско општество, преку активно граѓанство и социјален активизам.
Организацијата е основана од страна на младите луѓе, водена од идејата за моќта на младите како катализатори на промени во денешното општество.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

***1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)***

***Визија***
Младите луѓе да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам, како моќни алатки за општествена промена, да одговорат на своите потреби во заедницата.

***Мисија***
Да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека можат самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството.

***Стратешки приоритети на Младите можат во 2024 година***
СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1 – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА
СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2 – ПОТТИКНУВАЊЕ И ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ КАЈ МЛАДИТЕ
СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3 - ЗГОЛЕМЕНА ВРАБОТЛИВОСТ НА МЛАДИТЕ
СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4 – СИСТЕМАТИЗИРАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ
СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5 – ПРИДОНЕС КОН И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

***Младите можат - добитник на награда за младинско учество***
Младите можат на Меѓународниот ден на младите се закитија и со Наградата за младинско учество во категорија за младински организации, организации за млади и чадор организации.
Добивањето на ваков тип на награда, особено по втор пат, беше доказ дека младите сѐ уште веруваат во нас и дека сме успеале да одговориме на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат.
Со оваа наградата сакаме да изразиме огромна благодарност до сите членови, млади луѓе кои низ годините поминале низ Младите можат преку различни активности.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### 1.1 Проекти

**Проект: Сè за младите!**
Главното влијание на проектот „Сè за младите!” е зајакнат образовен систем во Северна Македонија со усвоени политики за услуги за ментално здравје, функционални програми за кариерна ориентација и зајакнати животни вештини кај младите.
Како ги оправдавме очекувањата? Преку неколку програми со коишто ја постигнавме оваа визија:
**1. Програма за ментално здравје**
1.1 Лобирање и воведување програма за ментално здравје за врсничка едукација во системот на средно образование

- Организиран тренинг за врснички едукатори
- Одржани сесии за континуиран развој на вештините и знаењата на постоечката база на врснички едукатори
- Одржани врснички едукации со над 300 млади лица од средните училишта

1.2 Програма за развој на капацитети за училишни психолози во средно образование за работа со ученици на тема ментално здравје

- Имплементација на програмата во рамки на циклусот 2023/2024 година во четири средни училишта во општина Битола
- Организиран тренинг за тренери за јакнење на капацитетите на училиштата за имплементација на програма за ментално здравје
- Ужирирана и дополнета верзија од програмата за ментално здравје во средни училишта од експертски тим од психолози и психотерапевти
- Организирани 11 тренинзи за наставен кадар и стручна служба од 11 училишта од РСМ и опфатени 250 лица

**2. Програма за кариерна ориентација**

2.1 Програма за кариерна ориентација за средношколци

- Организиран тренинг за кариерно советување на средношколци од општина Крива Паланка;
- 15 средношколци од Крива Паланка учествуваа на циклус од обуки за кариерно советување
- 15 средношколци добија лични кариерни планови и кариерна поддршка при изборот на својот факултет и идна професија

2.2 Практикување на концептот за Job shadowing преку програма за социјален ден за средношколци

- 245 млади учествуваа на овогодинешниот циклус стекнаа ново искуство и добија можност да истражуваат и да научат нови работи.
- 62 различни општествено одговорни компании и организации се приклучија кон движењето
- 249.000 денари изнесува младинскиот фонд кој наредната година ќе поддржи младински проекти

2.3 Развивање на капацитетите на кариерните советници и училишниот кадар за функционирање на училишните центри за кариера

- Остварена соработка со Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение-Скопје;

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### 1.1 Проекти *(Продолжение)*

- Остварена соработка со Јавна установа Завод за социјални дејности
- 15 вработени од Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение-Скопје учествуваа на циклус од обуки за стекнување на вештини за спроведување на кариерно советување;
- Учесниците на обуките реализираа кариерни сесии со корисниците на услугите на јавната установа

**3. Програма за младински активизам и младинско учество**

3.1 Програма за менторство за градење капацитети на младински работници

- Реализирани сесии за континуиран професионален развој на менторската база
- Менторирани 5 групи на млади кои работат на младински иницијативи, младински активизам и врсничка едукација

3.2 Програма за критичко размислување и финансиска писменост

- Реализиран настан „Мотивациски Ден“ во Битола;
- 70 млади од Битола и регионот земаа учество на настанот;
- 4 инспиративни говорници ја споделија својата успешна приказна, и беа организирани 2 интерактивни работилници
- Реализиран настанот „Денови на финансиска независност“ во Охрид;
- 25 млади од Охрид се информираа за инвестирање, лични финансии, банки, берза, крито валути

3.3 Програма за лидерство Младински локални банки

- Спроведено истражување “Потреби на младите на локално ниво“ во Полошкиот Плански регион (достапно на македонски јазик и албански јазик)
- Реализиран тренинг за локални координатори

Преку проектот „Се за младите!” поттикнавме различни актери како што се наставници, кариерни советници, психолози, локални општини, различни министерства и институции, бизнис сектор, граѓански организации, родители да соработуваат за развивање способни, активни, решителни млади луѓе, целосно свесни за важноста од грижата за своето ментално здравје, вработливи и опремени со животни вештини.

Проектот е имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а финансиски поддржан од Европската комисија, преку Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Буџет на проектот: 56,310 EUR

**4. Проект: Програма за кариерно насочување**

Во рамки на овој проект се детектираше проблемот дека младите во Северна Македонија се соочуваат со бројни предизвици при влегувањето на пазарот на трудот. Многу од нив немаат вештини, работно искуство, вештини за барање работа и информации и финансиски ресурси за да најдат вработување. Една од основните причини е ниският квалитет и ниската зачестеноста на кариерно насочување што им се нуди на младите додека се во формалниот образовен систем. Целта на проектот беше промовирањето на кариерно советување за учениците во училиштата, преку обучување на кариерни советници кои се дел од наставниот кадар во училиштата кои ќе бидат обучени за професионално водење на кариерните центри.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### 1.1 Проекти *(Продолжение)*

Токму затоа, во период од шест месеци се работеше на прилагодување на веќе постоечките програми за кариерно советување на средношколци и градење на капацитети за кариерно советување на наставници од средно училиште. За време на реализација на проектните активности, детектиравме дека не е развиен соодветен механизам за контрола на квалитетот на услугите на центрите за кариера. Понатаму, улогата на кариерни советници ја вршат наставници кои доброволно ја работат оваа работа, немаат потребни вештини и се пренатрупани со административни обврски.
Проектот "Програма за кариерно насочување е имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а поддржан од најголемата германска фондација за млади Schuler Helfen Leben.

Буџет на проектот: 5,000 EUR

### 5. Social day 2024!

Social day е ден кога младите луѓе заменуваат еден ден на училиште за работа која тие ја бираат, односно младите донираат дел од своето време и својата дневница за младински проекти.
На 5-ти Јуни 2024 година, ЗГ Младите можат, четврта година по ред го имплементира проектот Social day, чија цел е да воспостави солидарност помеѓу младите, да инспирира активно граѓанство и општествен развој воден од млади и креира фонд за проекти за подобрување на положбата на младите.
Ден кога 245 млади од Република Северна Македонија стекнаа искуство за работата која отсекогаш ја посакувале, а истовремено се ангажираа во заедницата за да им овозможат на своите врсници подобра положба во земјата. Ден кога над 60 општествено одговорни домашни компании и организации обезбедија работни позиции за младите и донираа време, знаење и финансиски средства за доброто на младите. 249,000 денари изнесува младинскиот фонд креиран преку соработка на младите и возрасните, кој во наредните месеци ќе придонесе за спроведување на младински проект за подобрување на положбата на младите во нашата држава.

Компании кои дадоа поддршка и придонесоа за успехот на Social Day во 2024 година:
Рудник Боров Дол, КИБС АД Скопје, Кара 5, Адвокатско друштво „Трпеноски", Адвокатско друштво „Богданов и Богданов", Адвокатска канцеларија „Пешликаноски", Адвокат Владимир Кацарски, МЗМП, Eurothink, 360 степени, MY TIME, Тиквеш, EU House, Кара 5, Модно ателје Ирина Тошева, Архитекти „Ниновски", SKALA, Netcetera, ULTRA, Pixel, Tinex, KAM, Smart Finance, Кантина, FASHIONGROUP, IT Labs, SkillUP Велес, Супрема ДОО Скопје, Евит Шоп ДОО, BELINA, Бејкер Стрит Паблишинг, ПЗУ Денто-Медикал, Национален младински совет на Македонија, ХЕРА, Здружение на лекари специјализанти, Макстил, Институт за комунникациски студии, Центар за младински активизам - Крик, Младински образовен форум, Рибен ресторан Елита, Конти Хидропласт, Мамас Фоод, Пекабеско АД, Диаверум, Стон Форм, Фондација Аполонија, Џуми, ЕСПЕРАНЦА Битола ДОО, Прилепска Пиварница АД Прилеп, ФД СН Финансии Битола, ШВАРЦКОМ Битола, Национална установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Битола, СИНПЕКС ДОО Битола, ПЗУ Д-р Костурски, Тогетхер Мацедониа, ресторан Белведере Битола, ИЛИОН-ЕКСПОРТ ДООЕЛ Битола, ПЗУ АПТЕКИ ЕУРОФАРМ, ЗК Пелагонија АД Битола, Лакталис МК ДООЕЛ и ТДППУ ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## *2. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### 1.1 Проекти *(Продолжение)*

Какво беше искуството на младите на Social day 2024?

„Прв пат учествуваме на Social Day и сме искрено презадоволни. Студентки сме на стоматологија и бевме во стоматолошка ординација, кадешто видовме и научивме работи кои ќе ни послужат во текот на нашето студирање и кариера. Вработените беа префини и атмосферата беше одлична. Ни дадоа можност да увидиме како изгледа еден работен ден и сме многу благодарни за тоа. "-Ана и Ангела, учеснички во Денто-Медикал

"Првото нешто што го забележав имаше многу пријатна и дружелублива атмосфера. Бев многу добро дочекан. Ми покажаа сите поединечни одговорности на вработените. Се дружевме со лица со попреченост. Свиревме на гитара, цртавме, боевме и имав шанса да работам со волонтери и од странство. Се на се си поминав прекрасно." - Филип, организација „КРИК"

"Јас бев во компанијата Ултра. Супер си поминав. Не просетаа низ сите сектори, имавме разговор со сите вработени и сфативме како работи една таква голема компанија. - Лаура"

"- Супер си поминав, вработените беа многу гостопримливи и отворени за разговор. Бев во компанијата Пиксел и бев со секторот за маркетинг. Научив дека не постои лоша идеја и дека треба да се размислува out of the box. Со ова ново искуство ми се отворија нови патишта во животот. - Михајло во компанијата Пиксел"

Какво беше искуството на партнерите на Social Day 2024?
„И оваа година, на наше огромно задоволство, 10 средношколци од Битола еден училишен ден заменија со работа во аптеките на Еурофарм. Како поддржувачи и на годинашното издание на проектот „Social Day", им овозможивме на младите да научат како функционираат нашите аптеки и како се работи со задоволни клиенти. Како и досега, ја препознаваме потребата од дополнително образование на младите и можност да се соочат со работењето во пракса. Со реализација на проектот „Social Day" препознаваме можност да го дадеме својот придонес за создавање образовани, одговорни и амбициозни млади луѓе кои ќе можат полесно и поуспешно да го трасираат својот иден кариерен развој, како и развој и надградување на нивните вештини." - Еурофарм

„Пред се, благодарност за организацијата и можноста што ни беше дадена да се вклучиме во настан како Social Day, чија цел е поттикнување на духот на волонтирањето кај младите, од една страна, но и поттикнување на општествената одговорност на компаниите, од друга страна.
Десет средношколци од Битола и Скопје работеа во просториите на Лакталис МК, на различни работни позиции. Учениците беа вклучени во повеќе оддели, како Финансии и Сметководство, Администрација на купувачи, Магацин за репро-материјал, Логистика, Фактурно одделение, Производство, каде можеа да се запознаат со дел од процесите кои се одвиваат во овие оддели и да ни бидат колеги на еден ден.
Се надеваме дека со себе ќе понесат едно убаво искуство кое ќе им помогне во одлуката што сакаат да работат во периодот по завршување на образованието.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### 1.1 Проекти *(Продолжение)*

Благодарност до сите учесници за убавата, свежа енергија што ја донесоа во нашата компанија! Се надеваме дека ќе имаме можност за следна соработка, еден ден кога ќе одлучат да го завршат своето образование и да се посветат на својата кариера.“ - Лакталис

### 6. Проект: „Градење на здрави животни навики на младите луѓе“

„Градење на здрави животни навики на младите луѓе“ е проект кој влезе од втората фаза од својата имплементација, оваа година опфаќајќи две програми и тоа програмата за здрави навики кај момчиња и програмата за здрави навики кај младите. Младите можат како партнерска организација во проектот работеше во три општини во Скопје и тоа Ѓорче Петров, Гази Баба и Центар.

Во текот на годината со над 75 млади лица имавме можност да работиме заедно, да се едукацираме, да ги надминуваме општествените стереотипи и предрасуди по однос на прашањата за емоционално здравје, справување со лутина, превенција, препознавање и спречување на различните форми на насилство, превенција од зависности и уште низа теми кои се во насока на поттинување позитивен и здрав начин на живеење кај младите. Трите групи на млади поминаа низ циклус на 15 работилници предводени од нашите врснички едукатори.

На крајот на годината како организација партнер на проектот учествуваме и на регионалниот настан Community of Practice во Велес. Овој дводневен настан обедини едукатори, училишен персонал, обучувачи и невладини организации од целиот Балкан за да ги споделат најдобрите практики во интегрирањето на образованието за животни вештини преку Програмата за градење на здрави навики. Дискусиите го истакнаа успехот на програмата во поттикнувањето позитивни ставови и зајакнување на младите мажи и девојки со вештини за справување со насилни ситуации, за поздрав животен стил на Балканот.

Проектот „Градење на здрави животни навики на младите луѓе“ е реализиран од страна на Центарот за истражување и креирање политики заедно со CARE International Balkans со поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Младите можат се партнери спроведувачи на проектот во општина Ѓорче Петров.

Буџет на проектот: 1.162.176 денари

### 7. Застапувачки процес за ментално здравје “Твоја приказна – наша поддршка!”

Нашето досегашно работење во полето на ментлано здравје го трансформираме во застапувачки процес за инкорпорирање на менталното здравје во рамки на образовениот систем и затоа оваа учебна година ја лансиравме нашата кампањата „Твоја приказна, наша поддршка!“ чија цел е адресирање на потребите на младите пред носителите на одлуки. Согласно стратешките определби на организацијата, сметаме дека менталното здравје треба да претставува материја на која се работи во секое средно училиште во РСМ, имајќи ги предвид зголемените ризик фактори по благосостојбата на младите.

Кампањата „Твоја приказна, наша поддршка“ се фокусира на визијата на средношколците за својата училишна средина и атмосфера односно како треба да изгледа едно училиште кое се грижи за менталното здравје и благосостојба на учениците. Крајната цел е да се поттикат надлежните институции да инкоприраат образование за ментално здравје во

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### 1.1 Проекти *(Продолжение)*

рамки на училишните програми, со што ќе се направи важен и позитивен исчекор во однос на ова прашање.

Во рамки на кампањата беше организирана и тркалезна маса со релевантните чинители на која своите заложби на темата ги претставија Министерството за образование и наука и Министерството за социјална политика, демографија и млади. На настанот беше претставен и Документ за јавни политики „Твоја приказна, наша поддршка!“ кој дава препораки и предлози за креирање на училишни средини кои поттикнуваат грижа за менталното здравје на учениците.

Оваа учебна година 11 средни училишта ја започнаа трансформацијата со фокус на менталното здравје преку обука на наставниот кадар, педагошките служби, учениците и менаџментот за теми поврзани со менталното здравје, ќе имплементираат програма за ментално здравје и врсничка едукација и ќе организираат низа настани на темата. На крајот од учебната 2024/2025 година успешните приказни ќе добијат ознака „Училиште кое се грижи за менталното здравје на учениците“.

Застапувачкиот процес се спроведе во рамки на проектот „Практикувај демократија“ на Фондацијата за демократија на Вестминстер, со поддршка на Британската амбасада во Скопје.

Буџет на проектот: 218.500 денари

### *1.2 НАСТАНИ*

### 1. МОТИВАЦИСКИ ДЕН 2024

Оваа година за прв пат Мотивациски Ден се реализираше надвор од град Скопје. Во соработка со Europe House Bitola на 12 Ноември имавме можност мотивирачкиот пулс да го почувствуваме во Битола. Целта на овој Мотивациски ден беше афирмација на успешните и инспиративни Битолчани. На Мотивациски ден 2024 ги мотивиравме младите да работат на себе, на приватен и професионален план, и понудивме едно различно искуство кое веруваме дека направи промена и остави позитивен импакт врз младите генерации од Битола.
Марјан Георгиевски, Јасмина Атанасова, Вања Атанасов и Ана Ристеска беа нашите говорници за ова издание на Мотивациски Ден, и секој од нив ги сподели своите најуспешни моменти, предизвици, тешки ситуации, искушенија, победи и инспирации.
Работилниците се препознатлив дел од Мотивациски ден. Оваа година имавме две интересни работилници на актуелни теми. Првата работилница беше на тема „Вештачката интелигенција во твојот џеб“, а втората работилница на тема „Изработка на 3Д модел“.
Сумирано, резултатите од Мотивациски Ден изгледаат вака:

- 4 инпиративни говорници
- 2 корисни работилници
- Повеќе од 70 присутни гости
- 6 часа инспиративна и креативна програма

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### *1.2 НАСТАНИ (Продолжение)*

### 2 [ТРКАЛЕЗНА МАСА] - "Твоја приказна – наша поддрша!"

Во рамки на застапувачкиот процес за инкорпорирање на менталното здравје во курикулумите во средните училишта во нашата земја на 3.10.2024 година се организираше тркалезната маса чија цел беше да ги обедини сите чинители кои работат на полето на ментално здравје и благосостојба на младите за да се поттикне вмрежување и создавање системски решенија. Важно е што институциите веќе покажуваат свесност за темата и веруваме дека заедно ќе успееме да изградиме училишта кои активно ќе се грижат за менталното здравје на младите. На настанот беше нагласено дека е потребно преминување од дискусија кон акција, со цел младите да добијат конкретни ресурси за поддршка на нивното ментално здравје.

На настанот учество земаа повеќе релевантни чинители меѓу кои: Министерката за образование Весна Јаневска, заменик министерот за социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски, претставници од ХЕРА, Сојузот на средношколци, Националниот младински совет на Македонија (НМСМ), како и претставници од Фондацијата за демократија на Вестминстер, Бирото за развој на образованието и Колективот на стручни соработници.

Клучни заклучоци кои беа донесени на тркалезната маса:

- Постои добра основа за создавање системска поддршка за младите, која ќе ги поттикне да се грижат за себе и своето ментално здравје.
- Потребен е систематизиран и координиран пристап за справување со менталните здравствени проблеми, преку вмрежување на знаењата и ресурсите.
- Училиштата треба да прераснат во средини кои поттикнуваат позитивен пристап кон менталното здравје. Важна е континуираната обука на наставниот кадар и воведувањето на нови методологии за работа со младите.

### 3 Прв фестивал за женско здравје „Јас сум…"

Нашата стратешка определба за ментално здравје решивме да ја трасформираме во програма за целосна благосостојба на младите преку промовирање на холистички пристап во грижата за себе. Првиот чекор кон остварување на нашата цел беше организацијата на првиот фестивал за женско здравје под мотото „Јас сум…" со поддршка до dm drogerie markt.

Проектот имаше примарна цел да ги поттикне младите жени и девојки да преземат одговорност за нивното физичко и ментално здравје преку информиран избор и холистички практики на начин на живот.

Конкретно, проектот имаше за цел:
а. Подигнување на свеста кај младите девојки за важноста на здравите навики во исхраната, физичката активност и регуларен сон
б. Промовирање на грижата за менталното здравје и практикување ментална хигиена, нагласувајќи го управувањето со стресот, стратегиите за справување со менталните состојби и емоционалната благосостојба.
в. Едуцирање на младите девојки за здрави родителски практики, поттикнувајќи негувачка средина и за нив и за нивните идни семејства.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### *1.2 НАСТАНИ (Продолжение)*

г. Креирање на заедници за поддршка каде што младите девојки можат отворено да разговараат за теми поврзани со здравјето, да бараат насоки и да градат мрежа на врсници.

- Посетеноста на настанот достигна бројка од над 150 посетители.
- Беа ангажирани над 15 експерти од соодветни области кои беа во фокусот на фестивалот за женско здравје.
- Настанот имаше голема медиумска покриеност - на самиот настан беше присутна екипата на МТВ којашто подготви прилог кој беше вклучен во дневните вести и исто така беа напишани голем број на статии од весници како TIME, Независен Весник, Градска Редакција, Грид и слично. Воедно беше подготвена и радио реклама која се емитуваше на две радио станици.
- Настанот беше поддржан од 30 млади волонтери кои ја препознаа иницијативата како вредна за доброволен придонес кон нејзина реализација.
- Реализиран опфат на социјални мрежи: четири гостувања во емисии (Алфа, Канал 5, МРТ и Телма), споделување на содржини на социјални мрежи (вкупно: 52; Instagram:28, Facebook:24), досег на луѓе кои виделе минимум една промотивна сорджина (Вкупно: 165.220; Instagram: 136.946, Facebook: 28.274), број на интеракции со промотивната содржина (Вкупно: 5.336; Instagram:2.525 , Facebook:2.811).

Овие бројки покажуваат дека настанот беше исклучително успешен, привлекувајќи голем интерес и внимание од јавноста и медиумите, додека ангажираноста на посетителите и учесниците го направија настанот незаборавен. Исклучителната професионалност и адекватност на ангажираните експерти како и огромната љубопитност и посветеност на посетителите дозволија целите на овој проект да се реализираат.

Буџет на проектот: 615.300 денари

### *1.3 Односи со јавноста и спроведени кампањи*

Во 2024 година продолживме со користење на социјалните медиуми како главен канал за комуникација со нашата таргет група - младите. Во текот на изминатите 12 месеци креиравме содржини кои одговараат на потребите на младите. Содржините кои ги споделувавме на нашите социјални медиуми беа информативни и интерактивни и целта беше младите да бидат секојдневно во тек со активностите кои ги реализираме и кои можности ги нудиме за нив. Нашата креативна мисла беше насочена кон мотивирање на нови млади да ги заследат нашите профили на социјалните медиуми и резултатите покажуваат дека во 2024 година сме успеале да го зголемиме бројот на следбеници. Продолживме и со снимање и објавување на нови епизоди од нашиот подкаст Генерација ММ. Во текот на 2024 година имаме објавено 11 подкасти, разговаравме со 17 гости од различни професионални профили и вкупниот број на прегледи е 8.290. Во изминатите 12

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 1. *ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### 1.3 *Односи со јавноста и спроведени кампањи (Продолжение)*

месеци бевме особено активни кога станува збор за гостувања во ТВ емисии. Преку ПР соопштенија исто така се обидувавме да бидеме во редовна комуникација со медиумите. Медиумскиот простор кој го добивме го искористивме за промоција на сите тековни програми кои ги спроведуваме и настаните кои ги организиравме.
2.835 следбеници на Инстаграм (+90% споредено со 2023 година)
11.340 следбеници на Фејзбук (+5% споредено со 2023 година)
6 платени реклами
16 гостувања на ТВ
37 објавени статии за нашите активности
31 објава на веб страната
Во текот на 2024 година соодветно потребите на организацијата и проектните активности беа спроведени неколку онлајн и офлајн кампањи. Кампањите кои во најголема мера го привлекоа вниманието се кампањата за ментално здравје „Твоја приказна - наша поддршка“ и кампањата за Првиот фестивал за женско здравје „Јас сум…“.
Кампања за ментално здравје “Твоја приказна – наша поддршка!” во рамки на застапувачкиот процес за инкорпорирање на менталното здравје во образовниот систем во нашата држава имаше за цел да го адресира прашањето пред широката јавност. Идејата зад целата кампања беше да се претстави персепктивата на средношколците по однос на ова прашање односно како изгледа нивното училиште сега, а како би сакале да изгледа едно училиште кое се грижи за нивното ментално здравје и благосостојба. Слоганот „Твоја приказна, наша поддршка“ укажува на тоа дека секоја приказна поврзана со менталното здравје на младите е уникатна и својствена за секој поединечно, додека пак поддршката на истата треба да биде наша како организации кои работат со млади, потоа училиштата, професорите, семејството, пријателите и целокупната заедница. Во рамки на кампањата беа креирани низа визуелни проедукти, видео записи од средношколци, професори и психолози, гостувања во медиуми и други промотивни активности.
Прв фестивал за женско здравје „Јас сум…“

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 1. *ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### 1.4 *Подкасти (Продолжение)*

Во текот на 2024 година продолживме со објавување на подкасти од сезона 1 на Генерација ММ. Поради позитивните коментари и фидбегот кој го добивме од младите, одлучивме да продолжиме и со сезона 2. По кратка летна пауза, во месец Октомври започнавме да ги споделуваме и новите епизоди, со нови содржини и гости. Во изминатите 12 месеци снимивме и објавивме вкупно 11 подкасти, разговаравме со 17 различни гости и вкупно нашите подкасти беа прегледани 8.290 пати.

**Дали забораваме да се сакаме себеси?**
Со Билјана ја истраживме другата димензија на љубовта, свртувајќи се кон самите себе и втурнувајќи се во длабочините на себеприфаќање и себељубов.
https://youtu.be/dHbEXFEFIaw?si=EIoKHFb1kjsvI2hN

**Како е да си студент во Македонија?**
Какво е секојдневието на еден студент? Кои се предизвиците? Кои се можностите? Заедно со лидерите на студентските претставнички тела ја анализиравме моменталната ситуација во која се наоѓаат студентите.
https://youtu.be/yIxmG_U_E9w?si=41KiXgRxwUDKupKH

**Вештачка интелигенција**
Се вели дека одредени професии ќе исчезнат, а дека во наредните години ќе се создадат нови професии. Па затоа сакавме да видиме каква е моменталната состојба во нашата држава, што се не очекува во иднина, предности и недостатоци на ВИ, и како можат луѓето и вештачката интелигенција да соработуваат.
https://youtu.be/_3JuMb6p-Eo?si=sQRxKXvG4vKh3Y0M

**Политичка активност кај младите**
Тема којашто беше особено актуелна во периодот пред парламентарните и претседателските избори, а ние и дадовме значење секако од аспект на младите луѓе.
https://youtu.be/uMIwLFh1pd4?si=7FyoEuV8GFLgVA_I

**Како до здрава трансформација?**
Зборувавме за влијанието на социоекономскиот статус, генетиката, поддршката од родителите, последиците од прекумерната телесна тежина, за нездравите механизми за слабеење. Се со цел, да ги охрабриме младите да започнат да водат здрави животни навики.
https://youtu.be/VFXQPood13w?si=J9KtUNuS81neJTmV

**Дали сум во токсична врска?**
Во овој подкаст зборувавме за црвените знамиња, магичниот круг на токсичноста, системите за поддршка и методите како да направиме здрав крај на нездрава врска.
https://youtu.be/OLCr07neKCo?si=W3d30O0Ynfc7w41q

**Муабет за матуранти**
Образование, кариера, обврски, промена на средина- ова се теми кои создаваат „маки“ на средношколците кои завршуваат четврта година.
https://youtu.be/NLYjJEDqayY?si=K4abm2mrIUtbez2j

**Училиште кое се грижи за мене**
Ги прашавме нашите гостинки „Која е твојата визија за училиште кое се грижи за твоето ментално здравје и благосостојба?“
https://youtu.be/VtEwd-4AVeU?si=L4NBLp2s2SbcL0O5

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### 1.4 *Подкасти (Продолжение)*

**Денарче по денарче-Милионче**
Сакавме да ја дефинираме финансиската независност и колку е таа клучна за личниот раст, слободата и безбедноста. Зошто во Македонија многу млади луѓе остануваат финансиски зависни од своите родители, дури и до 30-35 години?
https://youtu.be/fljQRnXVu14?si=cpWwm5iUFYe6QN-Q

**Како да станеш "Top-rated" фриленсер**
Дали некогаш си размислувал/а за кариера како фриленсер, но не знаеш од каде да започнеш? Ти требаат совети за градење на личен брендинг, потребни вештини и алатки, наоѓање на клиенти и навигација низ предизвиците кои светот на фриленсигот ги има?
https://youtu.be/cmE0i0tbVxU?si=P1uxMQ1PoGCA5djS

**Културно-забавната сцена во Македонија**

Дадовме коментар на моменталната состојба во која се наоѓа културно-забавната сцена во Македонија. Какви настани им се потребни на младите? Каков е ноќниот живот? Дали има настани за сечиј вкус? Дали младите артисти ја добиваат соодветната поддршка?

https://youtu.be/A01hw4KFYDM?si=jnDWoeZqN0OECnQK

### *1.5 Изданија*

1. Истражување: Потреби на Младите на локално ниво Младински локални банки (мкд)
2. Истражување: Потреби на Младите на локално ниво Младински локални банки (алб)
3. EMYS Manifesto

### *1.6 Младите можат во мрежи*

Младите можат е дел од 4 меѓународни и домашни мрежи:
- Национален младински совет на Македонија,
- Сојуз за младинска работа,
- Мрежа за спречување одлив на мозоци,
- Solidarity action day movement in Europe.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основи за подготовка

Финансиските извештаи на Здружението се подготвени во согласност со Законот за сметководство на не-профитните организации, со цел да обезбедат вистинско и објективно презентирање на позициите во билансот на состојба, салдата на средства, обврски, извори на средства, приходи и расходи и резултати од оперативното работење.
Финансиските извештаи на Здружението се подготвени во согласност со македонската законска регулатива апликативна за работењето на непрофитните организации, Законот за сметководство на непрофитните организации (“Службен весник на Република Македонија” бр.24/03 со пратечките измени) и Правилникот за не-профитни организации (“Службен весник на Република Македонија” бр. 42/03 со пратечките измени.)

Финансиските извештаи на Здружението се искажани во македонски Денари (“МКД.”) Сите износи во финансиските извештаи и придружните белешки се искажани во Денари, освен доколку не е поинаку кажано.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики применети во подготовката на овие финансиски извештаи се прикажани во натамошниот текст на овој извештај. Здружението задолжително ги применува овие политики на конзистентна основа.

### 3.1 Признавање на приходите и расходите

Признавањето на приходите и расходите е утврдено со член 13 од Законот за сметководство на непрофитни организации ("Службен весник на Република Македонија"бр. 24/03 со пратечките измени) и член 18 од Правилникот за непрофитни организации ("Службен весник на Република Македонија"бр.42/03 со пратечките измени) според кое признавањето на приходите и расходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции. Тоа значи дека приходите и расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на расположивост. Приходите и расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите и расходите се расположиви кога се остварени (наплатени / платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов да се однесуваат на пресметковниот период и да служат како покритие на побарувањата/обврските во тој пресметковен период. Признавањето се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

***Останати приходи (Приходи од давање на услуги)***
Приходот од давање на услуги се признава за време на периодот во кој корисниците платиле за добиените услуги.

### 3.2 Трансакции во странски валути

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија, кои важат на денот на трансакцијата.
Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составување на Билансот на финансиска позиција.
Нето износот на позитивните и негативните курсни разлики се искажуваат во Извештајот за приходи и расходи во периодот кога настанале.

### 3.3 Оданочување

Во согласност со одредбите на Законот за данок на добивка, не-профитните организации се изземени од плаќање данок на приходите генерирани од добиени членарини, спонзорства и донации, кои се добиени и се наменети за остварување на однапред утврдени цели.
За годината што завршува на 31 декември 2024, тековен данок од 1% се плаќа на генерирани приходи од самостојно работење за износ над Ден 1,000,000.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.4 Опрема и софтвер

Опремата и софтверот, доколку ги има, се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност се состои од фактурна вредност големена за износот на царини, транспорт, шпедиција, осигурување и тн, односно од трошоци кои директно се однесуваат на набавната вредност на односното средство. Вредноста на средството во моментот на набавка се евидентира како трошок во Билансот на приходи и расходи (ако се купени со сопствени средства) и како зголемување на Деловниот фонд.
Материјалните и нематеријалните средства се депрецираат со праволиниски стапки, во еднакви месечни износи кои одговараат на употребниот век на користење на средството. Износот на амортизацијата за донираните средстав се евидентира преку намалување на Деловниот фонд.

Годишни стапки на депрецијација:

| | |
|---|---|
| Опрема | 10%-20% |
| Мебел | 16% |

### 3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари во банка и пари во благајна.

Парите во благајна и парите на банкарски сметки во Денари, се водат по номинална вредност, а парите во странска валута се претвораат во денари според според курсот кој важи на денот на трансакцијата утврден од страна на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на известување.

### 3.6 Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачи и другите обврски се водат според нивната објективна вредност на денот на нивното иницијално признавање, а потоа се мерат според амортизираните трошоци.

### 3.7 Ревалоризација

Здружението врши ревалоризација на основните средства (материјални и нематеријални) во случај на:

- Повлекување од употреба
- Отуѓување (продажба)
- Повторно вреднување по стапка на пораст на цените на индустриските производи објавени од страна на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

Ревалоризацијата се врши на набавната вредност и на акумулираната исправка (акумулирана амортизација.) Нето ефектот се евидентира преку Деловниот фонд.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 4. ПРИХОДИ ОД ГРАНТОВИ (ПРОЕКТИ)

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември, | |
| | 2024 | 2023 |
| Приходи од донации (Проекти) | 6,181,531 | 8,671,670 |
| | **6,181,531** | **8,671,670** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември, | |
| | 2024 | 2023 |
| Пренесен дел на приходи од минатa година | 3,629,516 | 2,185,636 |
| Приходи од сопствено работење | 471,387 | 305,598 |
| Останати приходи(од физички лица) | - | 184,477 |
| | **4,100,903** | **2,675,711** |

## 6. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2024 | 2023 |
| Бруто плати | 1,525,200 | 1,528,141 |
| Надоместоци за лица ангажирани во проекти | - | - |
| Дневници за службени патувања | - | 3,690 |
| | **1,525,200** | **1,531,831** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 7. ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во Денари<br>на 31 декември,<br>2024 | <br><br>2023 |
|---|---|---|
| Канцелариски материјали | 568,570 | 494,551 |
| Енергија (струја & гориво) | 63,242 | 62,787 |
| Други услуги | 521,673 | 677,497 |
| Телефонија/поштански | - | 672,273 |
| Реклама и репрезентација | 44,265 | 28,856 |
| Наемнина | 412,768 | 290,340 |
| Други материјални расходи | - | 598,962 |
| | **1,610,518** | **2,825,266** |

## 8. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | Во Денари<br>на 31 декември,<br>2024 | <br><br>2023 |
|---|---|---|
| Набавена опрема | - | - |
| | - | - |

## 9. ДРУГИ РАСХОДИ

| | Во Денари<br>на 31 декември,<br>2024 | <br><br>2023 |
|---|---|---|
| Банкарска провизија | 54,205 | 72,033 |
| Членарини | 4,225 | 5,275 |
| Интелектуални услуги | 205,410 | 290,584 |
| Останати расходи | 2,277,856 | 2,945,916 |
| Данок на добивка | 32,998 | 31,511 |
| | **2,574,694** | **3,345,319** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 10. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ / (РАСХОДИ)-нето

| | Во Денари на 31 декември, 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 9 | - |
| Расходи за камати | (5,601) | (15,449) |
| Приходи од курсни разлики | - | - |
| Расходи од курсни разлики | - | - |
| | **(5,592)** | **(15,449)** |

## 11. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (Материјални средства-нето)

| | Во Денари на 31 декември, 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Почетно салдо | 137,206 | 166,118 |
| Ревалоризација на набавна вредност | 9,068 | - |
| Тековна амортизација | (27,984) | (28,912) |
| Ревалоризација на амортизација | (4,998) | - |
| Пренос на основни средства на друго Здружение | - | - |
| | **113,292** | **137,206** |

## 12. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во Денари на 31 декември, 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Парични средства во банки – Денари и девизи | 4,334,413 | 3,260,691 |
| Бонови за гориво | - | - |
| | **4,334,413** | **3,260,691** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 13. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ СРЕДСТВА

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2024 | 2023 |
| Побарувања од купувачи од земјата | 42,800 | 171,398 |
| Побарувања за платени даноци и придонеси | - | - |
| Останати побарувања | 200,565 | 204,475 |
| | **243,365** | **375,873** |

## 14. ДЕЛОВЕН ФОНД - Движење (Во Денари)

| | Деловен Фонд |
|---|---|
| **На** | |
| **1 јануари, 2024** | **137,206** |
| Ревалоризација на набавната вредност | 9,068 |
| Тековна амортизација | (27,984) |
| Ревалоризација на амортизација | (4,998) |
| **На** | |
| **31 декември, 2024** | **113,292** |
| **На** | |
| **1 јануари, 2023** | **166,118** |
| Нови набавки | - |
| Тековна амортизација | (28,912) |
| Ревалоризација на набавна вредност и на амортизација-нето | - |
| **На** | |
| **31 декември, 2023** | **137,206** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2024**

## 15. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2024** | **2023** |
| Обврски кон добавувачи | 6,921 | 7,048 |
| Обврски за краткорочни позајмица | - | - |
| Обврски кон вработените | - | - |
| Обврска за пренос на добивка во наредна година | 4,566,430 | 3,629,516 |
| | **4,573,351** | **3,636,564** |

## 16. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | **2024** | **2023** |
| Обврски за персонален данок и придонеси | - | - |
| Останати обврски | 4,427 | - |
| | **4,427** | - |

## 17. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви употребени за деноминација на 31 декември 2024 и 2023 година се следни:

| | **31 декември, 2024** | **31 декември, 2023** |
|---|---|---|
| EUR | 61,4950 | 61,4950 |
| USD | 58,8807 | 55,6516 |